**ИЗВЕШТАЈ ЗА 2011 ГОДИНА НА
СОС ТЕЛЕФОНОТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ 0800 1 22 22 ( БЕСПЛАТНА ЛИНИЈА)
И НА БЕСПЛАТНАТА ПРАВНА СЛУЖБА
ПРИ ПРВАТА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ**

**На СОС телефонот за деца и млади во текот на 2011 година се регистрирани 235 дојави. Од вкупниот број на дојави само 15 деца се јавиле како дојавувачи. Останатите 220 дојавувачи биле возрасни кои пријавиле вкупни 462 случаи на проблеми кои ги имаат деца. Тоа значи дека во просек една дојава се однесува на две деца.**

**Децата се најнезаштитени онаму каде што треба да се најзаштитени (во домот, во училиштето, во другите институции коии се надлежни да овозможат непречено остварување на правата на децата**

**• 84 деца од вкупниот број на евидентирани случаи биле незаштитени и изложени на насилство во своето семејство што одговара на 17.61 %**

**• 86 деца биле незаштитени и изложени на насилство во своето училиште што е 18.03 % од вкупниот број случаи**

**• 86 деца биле изложени на институционална злоупотреба (проблем во утврдување на надлежност и одговорност меѓу државните институции, ненавремено реагирање, непочитување на детското мислење во постапки кои се од значење за децата, дополнителна виктимизација и стигматизација на деца кои веќе биле жртви...)**

**Од вкупните 477 случаи 191 дете биле изложени на физичко, психичко и сексуално насилство, како и негрижа и занемарување.**

**Децата секојдневно молчат и трпат насислтво. Тие ретко го пријавуваат насилството бидејќи се плашат. Тие се разочарани и обесхрабрени од родителите, старателите, наставниците и институциите кои треба да им помогнат и да се грижат за нив.**

## 1. Краток опис на досегашната работа на СОС линијата

СОС телефонот за деца и млади функционира веќе 19 години (од октомври 1993 година) и досега се регистрирани вкупно 18.250 повици. Детскиот СОС телефон претставува служба за директна помош и поддршка на децата, младите и нивните семејства.

Со телефонскиот повик децата може да добијат помош и информации, стручен совет, психо-социјална поддршка или едноставно да разговораат за проблемите со кои се соочуваат, а за кои немаат со кого да поразговараат. Токму затоа стручниот тим на СОС линијата го сочинуваат педагози, психолози, социјални работници, психотерапевти и волонтери од овие профили кои во разговорите не даваат готови решенија на проблемите туку разговараат за можни алтернативи за решавање на проблемот за кој ни се јавиле.

Во зависност од видот на проблемот за кои ни се обраќаат јавувачите и во зависност од прекршувањето на правата на децата, паралелно со, СОС службата функционира и бесплатната правна служба. Таа постапува со писмени обраќања до надлежните институции, но нејзината работа не застанува тука таа потоа ги следи постапките кои ги преземаат овие институции во врска со случајот и реагира доколку не се постапуваат во најдобар интерес на децата.

## 2. СОС телефонот низ бројки, во текот на своето 19 годишно функционирање

| Година | Број на повици | Пол на јавувачот | | Возраст на јавувачот | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | машки | женски | до 12 години | 13-18 години | над 18 години |
| 1993-1994 | **3769** | 537 | 2496 | 471 | 2192 | 370 |
| 1994-1995 | **4609** | 136 | 2474 | 339 | 2088 | 183 |
| 1995-1996 | **990** | 88 | 328 | 22 | 279 | 115 |
| 1996-1997 | **1294** | 108 | 598 | 46 | 469 | 191 |
| 1997-1998 | **1200** | 107 | 399 | 59 | 279 | 168 |
| 1998-1999 | **1250** | 62 | 259 | 14 | 202 | 105 |
| 1999-2000 | **1000** | 92 | 184 | 11 | 113 | 152 |
| **Вкупно** | **14112** | | | | | |

**Табела1а. СОС телефонот низ бројки, во периодот 1993-2000:**

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2000-2001 | **143** | 29 | 114 | 43 | 46 | 54 |
| 2001-2001 | **77** | 19 | 58 | 0 | 18 | 59 |
| 2002-2003 | **324** | 77 | 247 | 12 | 103 | 209 |
| 2003-2004 | **414** | 98 | 316 | 43 | 117 | 254 |
| 2004-2005 | **912** | 320 | 592 | 198 | 225 | 489 |
| 2005-2006 | **704** | 190 | 154 | / | / | / |
| 2006-2007 | **361** | / | / | / | / | / |
| 2007-2008 | **360** | / | / | / | / | / |
| 2008-2009 | **377** | 128 | 231 | 6 | 18 | 353 |
| 2009-2010 | **239** | 163 | 205 | 5 | 16 | 208 |
| 2010-2011 | **235** | 73 | 123 | 5 | 10 | 206 |
| **Вкупно** | **4146** | | | | | |
| **Вкупно 1993 - 2011** | **18258** | | | | | |

**Табела 1б) СОС телефонот низ бројки, во периодот 2001 – 2011**

Според овие податоци може да констатираме дека се одржува некој континуитет на дојави за прекршување на правата на децата, но исто така сметаме дека е неопходно да се продолжи со активности со кои децата, младите и нивните семејства ќе бидат информирани за постоењето и работата на СОС линијата.

## 2. Податоци за јавувачите

### 2.1 Дојави од деца

Во текот на 2011 година продолжува трендот на пријавување на случаите од страна на возрасни лица. Од вкупно 235 дојави, само 15 дојави се направени од деца, а останатите се од возрасни лица, иако СОС телефонот е наменет за деца и млади. Од ова може да забелжиме дека децата сеуште молчат и се плашат да го пријават насилството во секаква форма кое се врши врз нив. Што можеби се должи на зависноста на децата од своите родители, злоупотребата на позицијата на наставниците, воспитувачите, а секако стравот на децата да пријават насилство се поткрпува и од недовербата во институциите кои треба да ги заштитат. Најголем број од дојавите од деца на СОС телефонот се во врска со семејно насилство.

### 2.2. Примери од СОС линијата

*На СОС телефонот се јави видно вознемирено и расплакано дете кое не информираше дека во неговиот дом секогаш кога го очекува вистински хаос, викотници и расправии. Ни образложи како мајка му секојдневно и без некоја посебна причина, вика и го тепа него и неговите сестри. Растеперено ни раскажуваше дека и кога е надвор од домот нема мир, затоа што во мислите постојано му се неговите помали сестри и сликата што ли се случува со нив додека се дома.*

*Се јави баба велејќи дека секојдневно била нем сведок на злоупотребата на нејзините внуци. Гледала, а несакала да види, слушала, а несакала да слушн., Дури сега кога нејзиниот живот се ближи кон крајот не сакакала гревот да го понесе со себе. Затоа собрала храброст, се јавина СОС телефонот со цел да стави крај на сето она што го прикривала во себе. Говорејќи дека нејзините внуци заслужуваат детство како и сите други деца.*

### 2.3. Начини на дојава

| Јавувачи | Пол на јавувачот | Начин на дојава | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | СОС Телефон | Електронска пошта | Пошта | Посета во Меѓаши | |
| Деца | Машко | 4 | | | | 4 |
| | Женско | 6 | 2 | 1 | 2 | 11 |
| | Анонимно | | | | | 0 |
| Возрасни | Машко | 38 | 4 | 8 | 19 | 69 |
| | Женско | 85 | 8 | 3 | 16 | 112 |
| | Анонимно | 19 | 3 | | 3 | 25 |
| Непознато | 5 | 2 | 2 | 1 | | 5 |
| Правно лице | 6 | 3 | 1 | 1 | 1 | 6 |
| Медиуми | 3 | | 3 | | | 3 |
| Вкупно | 9 | 157 | 23 | 14 | 41 | 235 |
| | 4% | 67% | 10% | 6% | 17% | 100% |

Според овие податоци можеме да забележиме дека сеуште најголем број на дојави имаме преку СОС телефонот за деца и млади. Оваа година може да забележиме дека има зголемување на дојавите по електронска пошта, што се должи на масовното користење на интернетот посебно на социјалните мрежи. Но, исто така граѓаните претпочитаат да го практикуваат и начинот на директна посета во Првата детска амбасада Меѓаши, каде остваруваат директни контакти со стручните лица.

## 2.4 Дојави во однос на етничка припадност на јавувачот




## 2.5 Приказ на јавувачите по пол




## 2.6 Приказ на јавувањата во однос на средина




Според средината на живеење на јавувачите само 18 % се јавувачи од рурална средина. Од ова може да се заклучи дека децата и возрасните кои живеат во рурална средина во помал процент се информирани за своите права и за тоа каде би можеле да се обратат доколку некое нивно право е прекршено.

## 3. Категории на проблеми



**Категории на проблеми поопширна табела**

| | Возраст на детето - жртва | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 0 - 5 | 6 - 14 | 15-18 | непозната | вкупно | % |
| **Семејно насилство** | 17 | 34 | 13 | 20 | **84** | **17.61** |
| физичко и психичко насилство | 8 | 19 | 7 | 3 | **37** | **7.76** |
| психичко насилство | 1 | 4 | 2 | 1 | **8** | **1.68** |
| негрижа врз дете | 8 | 11 | 4 | 16 | **39** | **8.18** |
| **Насилство во воспитно образовни институции** | 21 | 61 | 4 | 0 | **86** | **18.03** |
| физичко и психичко насилство наставник-ученик * | | 2 | | | **2** | **0.42** |
| психичко насилство наставник-ученик | | 4 | 1 | | **5** | **1.05** |
| физичко и психичко насилство ученик-ученик | | 3 | 2 | | **5** | **1,05** |
| психичко насилство ученик-ученик | | | 1 | | **1** | **0.21** |
| физичко насилство од вработено лице *одделение | | | | | | |
| поплаки за негрижа кон учениците | 21 | 52 | | | **73** | **15.30** |
| **Малолетничка деликвенција** | | | 3 | 1 | **4** | **0.84** |
| **Проблеми во меѓусебната комуникација** | 0 | 1 | 4 | 0 | **5** | **1.05** |
| родител-родител | | 1 | 2 | | **3** | **0.63** |
| родител-дете | | | 2 | | **2** | **0.42** |
| **Бракоразводни постапки** | 12 | 11 | 3 | 4 | **30** | **6,29** |
| проблеми со доделување старателство | 4 | 4 | | | **8** | **1,68** |
| проблеми со видување родител - дете | 6 | 4 | 1 | 4 | **15** | **3,14** |
| проблеми со видување баба, дедо - дете | 1 | 1 | | | **2** | **0,42** |
| проблеми со алиментација | 1 | 2 | 2 | | **5** | **1.05** |
| **Сексуална злоупотреба** | 4 | 0 | 2 | 3 | **9** | **1.89** |
| од родител | | | | 2 | **2** | **0.42** |
| од близок или познаник | 2 | | 1 | | **3** | **0.63** |
| злоупотреба од страна на наставник | | | 1 | | **1** | **0.21** |
| сомнеж за сексуална злоупотреба и подведување | 2 | | | 1 | **3** | **0.63** |
| **Љубовна врска малолетник-возрасен** | | | 2 | | **2** | **0.42** |
| **Деца жртви на насилство од возрасни лица** | 2 | 6 | 3 | 1 | **12** | **2.52** |
| физичко и психичко насилство | 1 | 5 | 3 | 1 | **10** | **2.10** |
| Физичко насилство ва рамки на згрижувачко семеј. | 1 | 1 | | | **2** | **0.42** |
| **Институционална злоупотреба** | 2 | 5 | 4 | 75 | **86** | **18.03** |
| **Питачење на деца и млади*** | 3 | 4 | | 7 | **14** | **2.94** |
| **Здравствени проблеми** | 1 | 1 | | 1 | **3** | **0.63** |
| **Деца кои не се вклучени во образовен процес** | | | | 42 | **42** | **8.81** |
| **Интернет злоупотреба*** | 1 | 1 | 2 | 1 | **5** | **1.05** |
| **Исчезнати деца** | | 1 | | | **1** | **0.21** |
| **Правни совети и информации** | 6 | 2 | 2 | 3 | **13** | **2.73** |
| **Барање на материјална или финансиска помош** | 5 | 40 | 3 | 24 | **72** | **15.09** |
| **Информации за детски права и детска заштита** | 3 | 1 | 1 | 2 | **7** | **1,47** |
| **Други** | | 1 | | 1 | **2** | **0.42** |
| **Вкупно** | 77 | 169 | 46 | 185 | **477** | **100.00** |

## 3.1 Насилство во воспитно образовни институции и институционална злоупотреба

Според регистрираните случаи на повреда на детските права на прво место се наоѓа насилството во воспитно образовни институции со 18.03 % или изразено во бројка 84 деца.

Најголем процент поточно15 % од насилство во воспитно образовни институции се поплаки за негрижа кон ученици од страна на наставниот кадар, а останатите се за физичко и психичко насилство наставник – ученик, како и физичко и психичко насилство ученик-ученик. Може да забележиме дека оваа година за разлика од претходните има поголем број на пријави за психичко насилство наставник – ученик отколку пријави за физичко насилство. Тоа најверојатно се должи на тоа дека децата и родителите го препознаваат и не го одобруваат психичкото насилство, а на тој начин превентивно делуваат да не прерасне во физичко насилство.

Образовните институции потребно е да моделираат средина на ненасилно однесување, а наставниот кадар треба да негува емпатија и вештини за мирно решавање на споровите.

Насилството во воспитно образовните институции е во пораст и ова е доволен показател дека треба да се преземат одредени мерки и да се врши постојана контрола и надзор врз работатта на образовните институции, од страна на надлежните институции.

Исто толку е висок и процентот од 18.03 % од дојавите кои се однесуваат на и институционалната злоупотреба. Поточно проблеми во утврдување на надлежност и одговорност меѓу државните институции,

ненавремено реагирање, непочитување на детското мислење во постапки кои се од значење за децата, дополнителна виктимизација и стигматизација на деца кои веќе биле жртви...

### 3.2. Семејно насилство

Секојдневно се повеќе расте бројот на лица кои се жртви на семејно насилство, сериозен проблем кој не ја заобиколува и нашата земја. Како една табу тема која тивко се провлекува низ многу семејства и низ многу детски животи, кои товарот го носат и како возрасни. Тоа не е проблем кој ќе помине и избледи со текот на времето, туку остава трајни последици доколку жртвата не добие адекватна психосоцијална подршка и помош.

Од вкупниот број на дојави 17,61 % се однесуваат за семејно насилство, каде како жртви се наоѓаат децата или изразено во бројка тоа се 84 деца. Од кои 39 се со недоволна грижа од родителите, 37 се изложени на физичко и психичко насилство врз нив, а 8 деца од дојавените се изложени на психичко насилство.

Според возраста најголем број на деца изложени на семејно насилство се децата на возраст од 6 до 14 години. Во однос на видот на насилството кое децата го трпат во семејството може да забележиме дека имаме најголем број на дојави за недоволна грижа и физичко насилство, а многу помал е процентот на дојави за психичко насилство. Тоа ни покажува дека во семејството сеуште се трпи и се молчи, кога станува збор за психичко насилство.

### 3.3. Барање на материјална и финансиска помош и питачење.

Четврто рангирани односно 15,09 % се проблемите поврзани со обезбедувањето на основните материјални и финансиски средства. Во борба против сиромаштијата која претставува еден од најгорчливите проблеми, родителите не посветуваат доволно внимание на потребите на своите деца. Децата сакајќи да помогнот на своето семејство или под принуда на своите родители се обидувааат да допринесат средства за живот со собирање на пластика, хартија и старо железо и со питачење.Во 2011 година имаме информации за 14 деца питачи. За намалување на оваа тешка состојба државата треба да понуди социјални пакети на овие семејства, како и да овозможи барем едно вработување на родителите.

### 3.4. Не вкученост на децата во образовниот процес

Загрижувачки е фактот што иако според законите секое дете треба да е вклучено во образовниот процес сепак во 2011 година имаме дојава за 42 деца дека не се вклучени во образовниот систем односно 8,81 % од вкупниот број на дојави.

### 3.5 Прекршување на правата на децата при бракоразводни постапки

Во врска со прекршување на правата на децата при бракоразводни постапки има значителен број на дојави, 6,29 % од вкуниот број на регистрирани случаи поточно 30 деца.

### 3.6 Сексуална злоупотреба на деца и педофилија

1,89 % од вкупниот број на пријавени случаи се однесуваат на можна сексуална злоупотреба на деца и педофилија.

## 4. Постапувања на правната служба

Во зависност од видот на проблемот за кои ни се обраќаат јавувачите, паралелно со СОС службата функционира и бесплатната правна служба. Истата постапува со писмени обраќања до различни државни и социјални институции, ги следи постапките кои ги преземаат овие институции и реагира доколку не постапуваат во најдобар интерес на децата.

Во 2011 година, бесплатната правна служба постапуваше со 85 писмени обраќања. Најголемиот дел од писмените обраќања, поточно 34, беа упатени до Центрите за социјална работа. До Народниот Првобранител

се имаме обратено со 21 претставка,  до секретаријатите при Министерсвото за внатрешни работи имаме реагирано со 15 претставки, до надлежните министерства 7 обраќања, 3 до локалната самоуправа, 1 до Дирекција за заштита на податоци и 4 до останати институции. Од вкупно пратените 85 претставки до надлежните институции, досега имаме добиено 60 одговори.

Од надлежните институции секогаш бараме да не информираат за мерките и активностите кои ќе бидат преземени од нивна страна, за да може активно да го следиме случајот и повторно да реагираме доколку е потребно.

На овој начин Детската амбасада Меѓаши врши и мониторинг врз институциите за нивна поголема ангажираност и брза реакција во решавањето на проблемот, се со цел најдобра заштита на децата.

Во дел од своите обраќања до надлежните институции, правната служба се повикува на одредени меѓународни документи и национални закони во кои се наведени правата на децата, начинот на нивно остварување како и механизмите на нивна заштита. Првенствено се повикуваме и ја следиме имплемантацијата на Конвенцијата за правата на детето на Обединетите Нации и двата Факулатативни протоколи кон оваа Конвенција, потоа Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на деца од сексуална експлотација и сексуална злоупотреба, Конвенцијата на Меѓународната организација на трудот за најлошите форми на детски труд и низа други меѓународни и национални стандарди за правата на децата.

Нашата пракса покажува дека надлежните институции при своето работење многу малку се повикуваат или воопшто не ја користат Конвенцијата за правата на детето и даваат објаснување дека не може директно да ја применуваат, иако во случај на колизија меѓународните конвенции се во супериорна позиција во однос на националните закони.

## 5. Генерални заклучоци и препораки

Сите деца имаат еднакво правото да растат и да се развиваат во благопријатни услови, да имаат семејство кое се грижи за нив, да имаат образование какво што заслужуваат, да имаат љубов и разбирање од сите оние кои се дел од нивните животи и кои се одговорни за нив. Но за жал сите деца подеднакввно не ги уживаат овие благодети.

Според овој извештај може да се забележи дека сеуште голем број на деца се изложени на насилство и злоупотреба од страна на оние кои треба да бидат тука за нив и да ги заштитат (семејството, училиштето, инстисуциите) Тие не се заштитени ни во својата матична клетка-своето семејство, кое треба да претставува основа за правилен раст и развој на секое дете.

Опкружени со несоодветна грижа во семејството децата се соочуваат со несоодветна грижа и во воспитно образовните институции, каде би требало да се опкружени со лица кои се предодределе и се обучени за потикнување и развивање на способностите на децата.

Проблемот се продлабочува кога и институциите чија што основна функција е да ги заштат децата, доколку некој друг ги прекршува нивните права, тие партиципираат со закоченост во административниот процес и префрлање на одговорноста. Со оглед на сето ова не изненадува фактот дека децата се плашат да пријават насилство земајќи во предвид дека токму оние кои треба да се покрај нив и да ги бранат нивните права, токму тие и ги прекршуваат.

За подобрување на ваквата состојба на децата, Првата детска амбасада во светот  Меѓаши препорачува:

- Родителите потребно е да поминат квалитетно време со своите деца, каде ќе поразговараат со нив за сите проблеми со кои тие се соочуваат;
- Строга селекција при изборот на кадрите кои треба да работат со деца, како и нивно континуирано доусовршување и контрола преку различни обуки и работилници;
- Центрите за социјална работа потребно е поголемо внимание да посветат на работа на терен, со што ќе вршат строг надзор врз семејствата во кои има нарушени семејни односи и со тоа ќе имаат директен увид во истите и поскоро ќе интервенираат;
- За да може превентивно да се делува, неопходно е ангажирање на социјалени работници во училиштата, кои во координација со останатиот стручен тим ќе утврдат одредени промени во однесувањето на учениците и ќе интервенираат во самите семејства;
- Само преку подигнување на довербата кон институциите децата ќе се охрабрат и ќе се потикнат да го пријават насилството;

- За намалување на насилствата во училиштата, девијантното однесување кај учениците како и семејното насилство, потребо е да постои кореладија помеѓу Центрите за социјална работа, полициските станици, училиштата, родителите, како и Граѓанскиот сектор кој е претставува поддршка и помош.

Првата детска амбасада во светот Меѓаши ги повикува и ги охрабрува сите оние кои биле изложени на било каков вид на насилство или се сведоци на истото, да се јават и да го пријават. Прикривањето на насилството воедно означува давање на дозвола и охрабрување на насилникот да продолжи со таквото однесување.

Ненавременото спречување на насилството овозможува да се роди нова генерација на насилници и постојано ќе се вртиме во магичниот круг на насилство и омраза.

* Дополнителни информации за годишниот извештај за СОС телефон за деца и млади, може да се најдат на нашата интернет страница www.childrensembassy.org.mk на која ќе биде поставен поопширен годишен извештај за 2011год.